ACIBADEM | SISTINA
BABY

# Концепт за **здрава и безбедна бременост**

СИТЕ БЕНЕФИЦИИ ОД ПАКЕТИТЕ ЗА ПОРОДУВАЊЕ






ACIBADEM | SISTINA
BABY

# Драги мајки,

Ви ја честитаме среќната вест! Да се биде мајка значи да се биде дел од еден сосема нов свет, исполнет со мешани емоции на љубов, среќа, грижа, внимание...

Како бренд чијашто основа се темели врз грижата за **репродуктивното здравје на жените**, чувствуваме потреба да бидеме заедно со вас во реализирањето на еден од најважните циклуси во вашиот живот. На овој начин, сакаме да ви покажеме дека вашето здравје и среќа за нас се најважен доказ дека се движиме во вистинската насока. За таа цел, нашиот тим со голема љубов и ентузијазам го започна проектот „Acibadem Sistina BABY“, посветен на идните мајки и нивните најмили. Овој проект опфаќа низа бенефиции и предности, со кои ви овозможуваме да се чувствувате сигурно и посебно во нашата болница.

Во оваа брошура накратко ви ги објаснуваме предностите што ги имаат нашите пациентки, почнувајќи од идејата за бебе, па сè до исполнувањето на најважната улога на мајка.





Бенефиции за новороденчето

Бенефиции во бременоста



Бенефиции по породување

# 10%

доживотен попуст за целото семејство

# СПЕЦИЈАЛНИ ПАКЕТИ ЗА ПОРОДУВАЊЕ




Клиничката болница „Аџибадем Систина“ подготви два ексклузивни пакети: пакет за спонтано и пакет за породување со царски рез. Во рамки на овие пакети за сите родилки се вклучени:

- спинална/епидурална аналгезија за безболно породување
- предоперативен прием кој е во договор со гинекологот кој го изведува породувањето
- болнички престој

Трудниците што се породени со спонтано породување остануваат три дена во болницата, додека оние породени со царски рез престојуваат 4 болнички дена.

- лабораториски анализи на трудницата

Во пакетот се вклучени лабораториските анализи: крвна слика (36 параметри), активирано парцијално време на тромбинот, протромбинско време, време на тромбин, фибриноген, натриум, калиум, хлориди, калциум, неоргански фосфати, магнезиум, гликоза, вкупни протеини, албумини, глобулини, уреа, креатинин, мочна киселина, површински антиген за хепатит Б, тест за антитела за хепатит Ц, комбиниран тест за ХИВ, бактериолошки брис од нос и грло, вадење крв и биолошки материјал.

# БЕНЕФИЦИИ во БРЕМЕНОСТА



**Бременоста е посебно искуство за секоја жена. Тргнувајќи од потребата да се чувствувате посебно, но и да имате здрава бременост, создадовме специјални пакети за породување со голем број бенефиции со кои ви покажуваме дека ни значите.**

**На идните мајки кои ја водат бременоста во „Аџибадем Систина“ со задоволство им подаруваме:**

## 10% ПОПУСТ НА СИТЕ ПРЕГЛЕДИ ВО БРЕМЕНОСТА И НА ПАКЕТОТ ЗА ПОРОДУВАЊЕ

Трудниците што ја водат целата бременост во нашата болница почнувајќи од 12. гестациска недела, добиваат специјален попуст на сите прегледи во бременоста, вклучувајќи и 10% попуст на пакетот за породување.

## Бесплатни 3 медицински масажи на грб

Медицинската масажа за трудници е насочена кон намалување на болката во грбот, а докажано е и нејзиното позитивно влијание врз подобрување на циркулацијата и намалување на отоците, подобрување на мускулниот тонус, подготовка на мускулите за чинот на породување, релаксирање на телото и намалување на стресот. Масажата ја изведува високостручен физиотерапевт на специјален стол за трудници. За ваша безбедност, масажите се изведуваат најдоцна до 36. недела од бременоста.

За да закажете термин, јавете се во спортскиот центар „PREMIUM“ на 02/3099666.





## БЕСПЛАТНИ ЧАСОВИ ПО ЈОГА-ВЕЖБИ ВО „PREMIUM SPORT CENTER“

Умерените вежби водени од страна на искусен јога-инструктор ќе ви овозможат да ги совладате техниките за правилно дишење, ќе ве релаксираат и ќе бидат одлична подготовка за чинот на пораѓање. Јога-вежбите го намалуваат притисокот на грбот и карлицата и ја подобруваат циркулацијата. Консултирајте се со вашиот гинеколог дали вашата состојба дозволува да посетувате јога-часови.



Доколку имате одобрување, јавете се во спортскиот центар „Premium“ на 02/3099666 за да се информирате за термините и да се регистрирате. За ваша безбедност, јога-часовите се изведуваат до 36. недела од бременоста.

## БЕСПЛАТНИ НЕДЕЛНИ ПРЕДАВАЊА ЗА ЗДРАВА БРЕМЕНОСТ И ПОДГОТОВКА ЗА ПОРОДУВАЊЕ

Секоја среда во „Аџибадем Систина“ се организираат едукативни предавања на кои сте добредојдени. Овие курсеви се наменети за едукација на идната мајка за водење на здрава и сигурна бременост и грижа за новороденчето. Предавачи се: гинеколози, педијатри, нутриционист, психијатар и други специјалисти, со цел да одговориме на сите важни прашања за бременоста и грижата за новороденчето. Целосната програма на предавањата може да ја следите на нашите социјални медиуми. Пријавете го вашето учество во нашиот контакт-центар на 02/3099500.

**На секое предавање добивате подарок од нашите „AS Baby“ пријатели.**



## ПОДАРОК: КНИГА СО СОВЕТИ ЗА ВОДЕЊЕ НА БЕЗБЕДНА БРЕМЕНОСТ

Со цел да ги дознаете сите потребни информации за водење на здрава бременост, ви ја подаруваме информативната книга „*Здрава бременост*“. Тука можете да прочитате совети и препораки што ќе ви бидат од голема корист во периодот на бременоста. Книгата можете да ја добиете на приемниот пулт на Одделот за гинекологија и акушерство или на Одделот за асистирана репродукција.




## БЕСПЛАТНА КОНСУЛТАЦИЈА СО ПСИХИЈАТАР

Во текот на бременоста, трудниците се соочуваат со различни чувства. Во еден момент чувствувате возбуда и радост, во друг, пак, доминира загриженост за бременоста и генерално за новата улога. Анксиозноста и депресијата не се табу-тема, отворено разговарајте со стручно лице, кое ќе ви помогне. Во рамки на пакетот ви подаруваме бесплатна консултација со психијатар што ќе биде ваша поддршка.

## БЕСПЛАТНА КАРДИОТОКОГРАФИЈА (CTG) ПО 36. НЕДЕЛА

На бремените жени што се подготвуваат за породување во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ им следува бесплатна кардиотокографија. Одделот за гинекологија и акушерство располага со 4 засебни соби за кардиотокографија.



# БЕНЕФИЦИИ за НОВОРОДЕНЧЕТО





Среќни сме што вашето бебе е дел и од нашето големо семејство, кое од ден во ден станува сè поголемо. Како дел од „Аџибадем Систина“, вашето бебе добива **10% доживотен попуст за сите здравствени услуги** во болницата.

# Добре дојдовте во големото семејство на „Acibadem Sistina BABY“!

## „ROOMING IN“ – НЕРАСКИНЛИВА ВРСКА СО ВАШЕТО БЕБЕ

Бебињата родени во „Аџибадем Систина“ се згрижуваат по принципот „Rooming in“, што подразбира 24-часовен престој на новороденчето во собата со мајката. Делењето иста соба ја зајакнува психолошката врска меѓу мајката и бебето и овозможува побрзо воспоставување на доењето. Овој линк обезбедува мир, сигурност и безбедност кај бебето.

## „ТВОЈ НЕОНАТОЛОГ“

Бебињата родени во „Аџибадем Систина“ имаат свој неонатолог од самото раѓање. Тој е целосно посветен на нивниот раст и развој во првите денови од животот. „Твој неонатолог“ е концепт што влева сигурност и безбедност за мајките бидејќи знаат дека има некој што постојано е тука за нивното бебе.



За да бидете безгрижни во новата улога на мајка, со задоволство ви подаруваме бесплатни скрининзи, контроли и посети на патронажна сестра.

## БЕСПЛАТНИ АУДИОЛОШКИ, КАРДИОЛОШКИ И ОРТОПЕДСКИ СКРИНИНЗИ ВО ПРВИТЕ ДЕНОВИ ОД ЖИВОТОТ

Од голема важност е одредени аномалии да се детектираат уште од најрана возраст. Бебињата родени во „Аџибадем Систина“ во првите денови од животот добиваат бесплатен кардиолошки, аудиолошки и ортопедски скрининг. На овој начин, се детектираат евентуални вродени аномалии на мускуло-скелетниот систем, срцето и слухот кои доколку се третираат навреме резултираат со успех.

## БЕСПЛАТНИ 3 КОНТРОЛИ ВО ПРВИОТ МЕСЕЦ*

Бебињата родени во „Аџибадем Систина“ имаат можност за три бесплатни контроли во првиот месец од животот. Ова е воедно најважната поддршка за вас бидејќи во овој период имате силна потреба да се консултирате со стручно лице во врска со растот и развојот на бебето. Контролите се изведуваат во амбулантите на Одделот за неонатологија во рамки на Педијатриската болница.

## ПОСЕТА НА ПАТРОНАЖНА СЕСТРА

Неонаталниот период од развојот на бебето претставува најважен период за здравјето на вашето новороденче, а редовните здравствени контроли и грижа за него се од голема важност за неговиот понатамошен живот. Целта на програмата за посета на патронажни сестри на новороденчето е да им се помогне на мајката и бебето во домашни услови, но и за да се направат потребните контроли во текот на овој период. Патронажната услуга е достапна на територијата на град Скопје.

---

*Месечната контрола на новороденчето не е вклучена во пакетот.



# БЕНЕФИЦИИ по ПОРОДУВАЊЕТО





Ви благодариме што избравте да бидеме ваш партнер во градењето на најзначајната улога во животот и да се грижиме за вас и вашето семејство. **Со гордост ве известуваме дека вие, вашиот сопруг и другите деца, без оглед дали се родени во „Аџибадем Систина“, добивате 10% доживотен попуст на сите здравствени услуги во нашата болница.**

## СПЕЦИЈАЛЕН ПОДАРОК – AS BABY БРЕНДИРАНА БЕБЕШКА ТОРБА

Сите родилки, пред да ја напуштат болницата, добиваат подарок – специјално дизајнирана, практична и брендирана бебешка торбичка, мека и нежна перница и прекривка. Во торбата имаме дополнителни подароци – лепенка „Baby on Board“, книга „*Нега на мајката и на новороденчето по породување*“ во која детално се опишани основните принципи на нега, како и пакет производи за нега и бебешка опрема од нашите „AS BABY“ пријатели.




## БЕСПЛАТНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ДОЕЊЕ И НЕГА НА НОВОРОДЕНЧЕ

На мајките им се укажува на предностите на мајчиното млеко и добиваат помош при совладување на техниките за доење. Покрај тоа, се едуцираат и за нега на новороденчето во домашни услови.

Ваквиот пристап ја зголемува самодовербата на мајката и ѝ дава чувство на сигурност дека го прави најдоброто за бебето.

## БЕСПЛАТНА ФРИЗЕРСКА УСЛУГА

Родилките во „Аџибадем Систина“ добиваат и бесплатна услуга за обликување на косата пред заминувањето од болница по породувањето. Во договор со родилката, последниот ден од болничкиот престој нашиот фризер ќе дојде во болничката соба каде што престојувате. Доколку заминувате во недела, ве замолуваме да го информирате нашиот персонал за да може да се организира фризерската услуга претходниот ден.

## БЕСПЛАТЕН ПРВ КОНТРОЛЕН ПРЕГЛЕД КАЈ ГИНЕКОЛОГ, 40 ДЕНА ПО ПОРОДУВАЊЕТО

Контролниот преглед кај вашиот гинеколог е од големо значење. На овој преглед се утврдува состојбата на репродуктивните органи по породувањето.

Гинеколошкиот тим на „Аџибадем Систина“ е на располагање за сите ваши прашања и консултации за време на првите 40 дена од породувањето.



**Покрај овие бенефиции, ви подаруваме и други бројни поволности, кои можете да ги искористите во период од една година од породувањето.**



## БЕСПЛАТНА КОНСУЛТАЦИЈА СО ПСИХИЈАТАР

Периодот по породувањето е исклучително чувствителен за секоја мајка. Новата улога на родител носи измешани емоции, нови одговорности и сосема нов биоритам. Со цел да бидеме ваша поддршка, ви даваме бесплатна можност за консултација со стручно лице.

## БЕСПЛАТНА КОНСУЛТАЦИЈА СО ЕНДОКРИНОЛОГ

Искористете ја можноста за консултација со нашиот тим ендокринолози, особено доколку имате проблем при намалувањето на тежината по породувањето, доколку примате терапија за некое ендокринолошко заболување или, пак, имавте дијагностициран дијабетес во бременоста. Консултација со ендокринолог во овој период е потребна и кај родилките што имаат нарушување на тироидната жлезда.

## БЕСПЛАТНА КОНСУЛТАЦИЈА СО НУТРИЦИОНИСТ

**Подарок: Брошура за исхрана на доилки**

Родилките во „Аџибадем Систина" за време на престојот во болницата добиваат брошура во која се дадени совети и препораки за исхраната во периодот на доењето. Консултирајте се со нашиот нутриционист, кој ќе ви даде правилни насоки како на едноставен и здрав начин да ја намалите тежината по породувањето, а притоа да внесувате здрави намирници.

## 30% ПОПУСТ НА СИТЕ УСЛУГИ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА СЛАБЕЕЊЕ „AS SLIM BODY CENTER"

„AS Slim Body Center" нуди медицински и синхронизиран третман за справување со вишокот килограми. По првата консултација со доктор, ќе ви биде изготвена програма како на најдобар начин да ги намалите килограмите и она што е најважно, нашите професионалци ќе ви дадат насоки како да водите здрав живот. Со цел да ви биде што подостапен овој центар, ви подаруваме попуст од 30% на сите услуги.

## 30% ПОПУСТ НА СИТЕ ЕСТЕТСКИ ХИРУРШКИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА ТЕЛО

Доколку сакате да направите корекција на одреден дел од телото, ви нудиме специјален попуст од 30% на хируршките процедури: липосукција, корекција на гради, абдоминопластика и дијастаза на абдоминалните мускули. Сите интервенции се изведуваат по претходна консултација со тимот од Одделот за естетска и реконструктивна хирургија. Искористете ја специјалната понуда и дозволете нашиот тим да се погрижи за вашиот изглед.




**20% попуст на услугите во ресторанитe: „SushiCo“ ул. Ленинова, „SushiCo Zen“, Diamond Mall, „Salvatore“ (Panorama Square) и ресторанот „Always Fresh“ во кругот на болницата.**

## 30% ПОПУСТ НА МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАНИ ВО „CENTER OF PERFECTION“

Во рамки на болницата функционира „Center of Perfection“, најсовремен центар за убавина каде што пациентите можат да добијат интегриран пристап – од хемиски пилинзи, сите видови козметички и  процедури против стареење, ласерски процедури, пресадување коса, па сè до хируршки естетски зафати и медицинско-реконструктивни процедури.

Нашите родилки имаат специјална можност за 30% намалување на услугите за подмладување и разубавување, како што се процедурите за ласерско подмладување на кожата, ласер за корекција на стрии, ласер за третман на лузни, PRP-процедура, масажа на лице, козметички третмани, хемиски пилинзи.



# БЕСПЛАТНО 3-МЕСЕЧНО КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА „PREMIUM SPORT CENTER“

„Premium Physical Therapy & Sport Center“ е најсовремен центар од ваков тип во земјата и регионот, кој нуди уникатен модел на интегрирана грижа за здрав живот. На вкупен простор од над 1000 квадратни метри, во рамки на центарот, функционираат современи ординации и апарати за физикална терапија, ординација за спортска медицина, сала за групни тренинзи, фитнес-сала за спортска рехабилитација и корективни вежби со најмодерни справи, нутриционистичко советувалиште, парна бања, финска сауна и две ВИП-соби за масажа.

Бесплатниот Bronze-пакет за сите родилки во „Аџибадем Систина“ вклучува 3-месечно користење на спортскиот центар, лекарски преглед, крвна слика, како и анализа на телесен состав со InBody.






„Premium Sport Center“ е првиот спортски центар во земјава каде што секој клиент пред користењето на фитнес-салата прави лекарски преглед и анализи, со цел да се запознае со моменталната подготвеност на телото.

**Со цел да покажеме дека ја цениме вашата лојалност кон нашиот бренд, подготвивме посебни бенефиции за вас. Покрај попустите на пакетот при второ/трето породување, „Аџибадем Систина“ овозможува попусти и за паровите кои ги користат услугите на Центарот за асистирана репродукција.**

## 20% ПОПУСТ НА ПАКЕТОТ ЗА ПОРОДУВАЊЕ ПРИ ВТОРО ПОРОДУВАЊЕ*

Родилките што се породуваат вторпат во нашата болница добиваат специјален попуст од 20% на пакетот за породување. Како наши лојални пациенти, добивате сместување во еднокреветна соба, бесплатна вечера со партнерот и бесплатна фризерска услуга.



## 30% ПОПУСТ НА ПАКЕТОТ ЗА ПОРОДУВАЊЕ ПРИ ТРЕТО ПОРОДУВАЊЕ*

Вашата лојалност е значајна за нас. Токму затоа, родилките што третпат се породуваат во „Аџибадем Систина“ добиваат 30% попуст на пакетот за породување, бесплатно апартманско сместување, бесплатна вечера со партнерот и бесплатна фризерска услуга.



## БЕНЕФИЦИИ ЗА ИВФ-ПОСТАПКА ВО „АЏИБАДЕМ СИСТИНА“ *

**Специјални бенефиции добиваат и пациентите во Центарот за асистирана репродукција:**

- **10% попуст** на пакетот за породување при прва успешна ИВФ-постапка
- **10% попуст** на ИВФ-постапката и 20% попуст на пакетот за породување при втора успешна ИВФ-постапка
- **20% попуст** на ИВФ-постапката и **30% попуст** на пакетот за породување при трета успешна ИВФ-постапка
- Во овие бенефиции се вклучени и сместување во еднокреветна соба, бесплатна вечера со партнерот и бесплатна фризерска услуга.

## СПЕЦИЈАЛЕН ИНТЕРНЕТ-ПОРТАЛ

Со цел да бидете во тек со најновите информации за бременоста и периодот што следува, на располагање ви е и нашиот специјален интернет-портал www.acibademsistinababy.mk.

На едно место можете да ги добиете сите информации поврзани со процесот на забременување, бременост, грижа за бебе и дете.



*Сместувањето во еднокреветна соба/апартман е во зависност од моменталниот расположлив капацитет на Одделот.
*Под успешна ИВФ-постапка се подразбира потврдена бременост со ембрион со срцева акција.
*Попустот за ИВФ-постапка се однесува само за приватни пациенти. Попустот на ИВФ-постапката не се однесува на медицински и други потрошни материјали, лекови, крв и крвни деривати, лабораториски услуги, кои се испраќаат на надворешни лаборатории, како и на пакетите на здравствени услуги за кои болницата има одредено специјални цени.


BA


BY


АДУЛТЕН И ПЕДИЈАТРИСКИ
УРГЕНТЕН ЦЕНТАР
24/7
ACIBADEM SISTINA